# XI ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**СОДРЖИНА**


**XI.1 Вовед....................................................................................................2**

**XI.2 Законски прописи и регулативи..............................................................3**

**XI.3 Програма подобрување.........................................................................4**


**Прилог XI**

Програма за подобрување на асфалтна база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.:

| | |
|---|---|
| **Активност 1:** | Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната средина. |
| **Активност 2:** | Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот. |

# XI. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

## XI.1 Вовед

Изведувањето на активностите во рамките на инсталацијата асфалтна база „Штип“ на Јавно Претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., се стреми кон постојано подобрување на технолошкиот процес подобрување на технолошкиот процес, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Со цел потполно усовршување, максимално искористување на капацитетите, одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина.

Основна цел на раководството е да ја сочува животната средина стремејќи се кон најновите достигнувања на полето на градежништвото во чекор со зачувување на животната средина.

Преку намалување на потрошувачка на суровини, енергија, намалување на емисии на штетни материи во животната средина. Со правилно складирање, третман и обработка на отпадни материи, како и отпадите кои се создаваат во рамките на инсталацијата да се даде допринес кон зачувување на животната средина, а таа е една, незаменлива и општа за сите луѓе.

## XI.2 Законски прописи и регулативи

Како резултат на дејностите кои се извршуваат во рамките на инсталацијата, а со цел спречување или можно намалување на емисиите во воздух, вода или почва, а со тоа и постигнување на високо ниво на заштита на животната средина во целина, во согласност со: Директивата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето или онаму каде што е возможно намалување на емисиите во воздух, вода или почва, а со тоа и постигнување на високо ниво на заштита на животната средина (96/61/EC), како и Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ“ бр. 09/2011), Јавното Претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта за асфалтната база „Штип“ очекува да го даде својот придонес кон зачувување на животната средина.

## XI.3 ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на капацитетите, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, асфалтната база „Штип“ на Јавно Претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, согласно Закон за животна средина објавен во „Службен весник на РМ“ 53/2005 и Директивата за Советот од 24 Септември 1996 година за интегрирано спречување и за контрола на загадувањето 96/61/ЕС ја предлага следната:

**Програма за подобрување**

| | |
|---|---|
| **Активност 1:** | Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната средина. |
| **Активност 2:** | Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот. |

## 3.1 Опис на активностите

**„Најдобрите достапни техники (НДТ)“ всушност вршат имплементирање и координирање со основна цел заштита на животната средина кој што ги вклучува следниве составни делови:**

а) Дефинирање на политика која што треба да ја има врвното раководство во однос на инсталацијата со цел заштита на животната средина.

b) Планирање и спроведување на сите потребни постапки.

в) Имплементација на постапки, при што треба да се обрати внимание на:

- Структура и одговорност
- Стекнување на рутина, координација и компетентност
- Комуникативност
- Вклучување на вработените во процесот
- Документирање
- Ефикасна контрола на процесот
- Програма за одржување на техничка опрема
- Степен на подготвеност и реакција во итни случаи
- Согласност во однос на безбедноста при координација со законите за заштита на животната средина.

г) Проверка на перформансите и превземање на корективни мерки така што се обраќа големо внимание на:

- Надгледување и мерење
- Корективни и превентивни мерки
- Одржување

### 3.2 Општи мерки

Асфалтната база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје цо.о., е должна во текот на припремата, работата и престанокот со работа на инсталацијата, да ги исполни следните обврски кои се однесуваат на заштита на животната средина така да:

- **Не го загрозува здравјето на луѓето и не предизвикува влијание на околината и закана по здравјето на населението во животната средина;**
- **Ги превзема сите адекватни превентивни мерки со кои го спречува или намалува влијанието врз животната средина;**
- **Избегнува создавање на отпад, а доколку дојде до создавање на отпад го сведува на минимум, а доколку тоа не е можно тогаш отпадот го складира на начин на кој нема да има штетно влијание врз животната средина;**
- **Ефикасно користење на енергетски и природни ресурси;**
- **Ги превзема неопходните мерки за спречување на несреќи и ограничување на нивните последици;**
- **Ги превзема неопходните мерки после престанокот до работа на Асфалтната база со цел спречување на загадување на животната средина;**
- **Доколку дојде до значајни промени во работата да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање;**
- **Редовно чистење на Инсталацијата после завршување на производството;**
- **Кристи технички исправна опрема и машини;**
- **Врши ефикасно одржување на пристапните патишта**
- **Обезбеди ограничена брзина на движење на транспортните средства**

## 3.3 Опис на предвидените активностите

**Активност 1:** **Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната средина**

Организирање на програма за едукација на сите нивоа, обуки теоретски и практични за вработените на асфалтната база.
Целта на едукација и тренинг обука на вработените на асфалтната база е подигање на свеста на вработените за водење на грижа за животната средина.

**Активност 2:** **Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот**

Со цел да се намали негативниот визуелен ефект на животната средина и влијанијата од асфалтната база ќе се одржува зелениот појас околу објектот.
Зелениот појас околу инсталацијата како природен филтер исто така придонесува во намалување на загадување на воздухот, затоа потребно е оплеменување и негово одржување.

Во додаток XI е дадена **Програма за подобрување** за горе наведените планирани активности:

**Активност бр.1 - Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа за животната средина**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Опис**<br>Организирање на програми за едукација на сите нивоа, обуки теоретски и практични за вработените кои се непосредни ракувачи и управувачи со опасни супстанции, опасен отпад или потенцијален отпад, со периодична проверка на обученоста како и едукација која ќе ја подигне свеста на вработените за водење на грижа за животната средина. | | | |
| 2. **Предвидена дата на почеток на реализацијата**<br>Јуни 2025 година | | | |
| 3.**Предвидена дата на завршување на активноста**<br>Декември 2025 година | | | |
| 4. **Вредност на емисиите до и за време на реализацијата**<br>/ | | | |
| 5.**Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)**<br>Подигање на свеста на вработените во областа на животна средина, помали несакани емисии во животната средина и избегнување на можни хаварии. | | | |
| 6. **Влијание врз ефикасноста**<br>Воспоставување на ефикасен начин на управување со суровините кои се користат за производство на асфалт | | | |
| **7. Мониторинг** | | | |
| **Параметар** | **Медиум** | **Метода** | **Зачестеност** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Присутнос на учесниците | / | Проверка (Статистичка) | Годишно (За секоја промена во постапките за ракување со опасни супстанции,опасен отпад или потенцијален опасен отпад, веднаш да се спроведе постапката за едукација) |
| **8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)**<br>Запис од спроведените активности<br>• тема и содржина на обука<br>• список на присутни учесници<br>• заклучоци | | | |
| **9. Вредност на инвестицијата**<br>25.000,00 денари | | | |

**Активност бр.2 - Намалување на негативниот визуелен ефект на животната средина и физичко уредување на просторот**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Опис**<br>Со цел да се намали негативниот визуелен ефект на животната средина и влијанијата од асфалтната база ќе се засади зелен појас околу инсталацијата.<br>Зелениот појас околу инстаацијата како природен филтер придонесува во намалувањето на загадувањето на воздухот, затоа потребно е оплеменување и негово одржување – засадување на 20 зимзелени садници и тековно косење, чистење и одржување на зелениот појас. | | | |
| **2. Предвидена дата на почеток на реализацијата**<br>Февруари 2026 | | | |
| **3.Предвидена дата на завршување на активноста**<br>Ноември 2027 | | | |
| **4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата**<br>Предвидената активност има за цел да го намали влијанието врз животната средина | | | |
| **5.Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)**<br>/ | | | |
| **6. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија, вода и суровина)**<br>значајно влијание врз ефиканоста | | | |
| **7. Мониторинг** | | | |
| Параметар | Медиум | Метода | Зачестеност |
| | | | |
| **8. Извештаи од мониторингот**<br>Обезбеден и одржуван зелен појас околу инсталацијата | | | |
| **9. Вредност на инвестицијата**<br>30.000,00 денари | | | |

### 3.4 Преглед на реализацијата на активностите од Програма за подобрување и финансирањето

| Ред. бр | Активност | Финансирање по години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ПОЧЕТОК НА ПРОГРАМАТА | КРАЈ НА ПРОГРАМАТА | Вкупно |
| **1.** | Бр.1 | Јуни 2025 година | Декември 2025 година | 25.000,00 денари |
| **2.** | Бр.2 | Февруари 2026 година | Ноември 2027 година | 30.000,00 денари |
| | | | | **55.000,00 денари** |